Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-344/6
18-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 344 од 21.06.2022 година, поднесена од [redacted] во име на [redacted] за сторено вознемирување против [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.07.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08-344 од 21.06.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 21.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на [redacted] против [redacted]

Доставата на претставката на адресата на потенцијалниот дискриминатор, наведена во претставката беше неуспешна и вратена од пошта со назнака „непознат". Од таа причина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 11.07.2022 година до подносителот достави барање за доуредување на претставката.
Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе точната адреса на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
18.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]